Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”
објавува

# Повик за пријавување на студенти Роми за кандидати за претставник на студентите Роми корисници на проектот „Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“, во Советодавниот одбор на проектот

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за пријавување на студенти Роми за кандидати за претставник на студентите Роми корисници на проектот „Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“, во Советодавниот одбор на проектот. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд, Будимпешта.

## Опис за Советодавниот одбор

Советодавниот одбор е составен од 7 члена, лица кои се експерти, искусни, истакнати и признати професионалци во областа на образованието. Членовите на Советодавниот одбор немаат правна одговорност.

Улогата на Советодавниот одбор е:

-да обезбеди совети за прашања покренати од страна на менаџментот на организацијата;
-да обезбедат дополнителни знаења, вештини и техничка експертиза на организацијата;
-да потикне и поддржи транспарентност, нови идеии и одржлив развој на организацијата;
-да помогне во генерирање на стручни препораки и мислења за проектниот тим и носителите на одлуки во организацијата.

Во Советодавниот одбор на проектот, предвидено е учество на еден студент Ром во улога на претставник на студентите Роми кои се корисници на активностите на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“**

## Услови за пријавување

Кандидатите за претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се корисници на активностите на проектот: Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија;
- да се редовни студенти Роми на додипломски студии на државни или приватни универзитети во Република Македонија;
- да се студенти во последните две години на студирање;
- да се мотивирани да ги претставуваат студентите Роми кои се корисници на проектните активности во Советодавниот одбор.

## Документи за пријавување

Кандидатите за претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот треба да ги достават следниве документи:

- потврда за редовен студент;
- кратка биографија, во europass формат;
- писмо за мотивација;
- пишан текст за проблемите и потребите на студентите Роми, како и потребните интервенции за надминување на проблемите и исполнување на потребите на студентите Роми, кој ќе содржи најмалку 650 зборови, во А4 формат, прored 1.5, големина на букви 11, фонт Calibri.

## Начин и краен рок за пријавување

Документите за пријавување треба да се достават по електронски пат на е-маил адресата office@romaversitas.org.mk, најдоцна до 28 февруари 2017 година.

## Селекција на кандидатите

Селекцијата на подобните кандидати за претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот ќе ја вршат членовите на Извршниот Одбор на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во почеток на март 2017 година.

Критериуми при процесот на селекција се:

- исполнувањето на критериумите на повикот
- квалитетот на кратката биографија, писмото за мотивација и пишаниот текст

## Избор на кандидатите

После селекцијата на подобните кандидати за претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот од страна на Извршниот одбор, ќе се организира избирање на претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот, од страна на студентите Роми кои се корисници на проектните активности во учебната 2016/17 година.

Дополнителни информации за повикот за пријавување за кандидат за претставник на студентите Роми во Советодавниот одбор на проектот можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје, на тел: 076/225-568, секој работен ден од 09.00 до 17.00 часот или на електронски пат на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk

Ги очекуваме вашите апликации.

Со почит,
Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”
Целосно посветени на поддршка на развојот на студентите Роми !